Уп. бр.08-19

Врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АКТАЕЛ ЕООД со седиште на ул. Пордим бр. 2, Општина Столична, Реон р-н Възраждане, Софија, Република Бугарија, доставено преку полномошник Адвокатско друштво Папазоски и Мишев Скопје, на седницата одржана на 15.01.2026 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која АКТАЕЛ ЕООД со седиште на ул. Пордим бр. 2, Општина Столична, Реон р-н Възраждане, Софија, Република Бугарија ќе стекне контрола над Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 16/1, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удел иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата беше доставено известување за концентрација од страна на АКТАЕЛ ЕООД со седиште на ул. Пордим бр. 2, Општина Столична, Реон р-н Възраждане, Софија, Република Бугарија, со која АКТАЕЛ ЕООД има намера да се стекне со 100% удел во Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 16/1, Скопје, Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АКТАЕЛ ЕООД врши дејности поврзани со трговија со електрична и топлинска енергија, изградбаа и работа со објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија, продажба на електрични трансформатори, трафостаници, електрични табли и друга електрична опрема, како и дејности поврзани со трговија и снабдување со електрична енергија.

АКТАЕЛ ЕООД нема регистрирани друштва, ниту остварува приходи во република Северна Македонија

Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје врши дејности поврзани со снабдување и трговија со електрична енергија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**